| | |
|---|---|
| **Картичка за предупредување за пациентите за не-онколошки индикации**<br><br>**Картичка за предупредување за пациентите што примаат Rixathon со не-онколошки болести**<br><br>**Зошто ми е дадена оваа картичка?**<br>Овој лек може да ви ја зголеми веројатноста за добивање на инфекции. Оваа картичка укажува на тоа:<br><br>• Што треба да знаете пред да примате Rixathon<br>• Кои се симптомите на инфекција<br>• Што треба да направите ако се сомневате дека имате инфекција.<br><br>Картичката на задната страна го содржи Вашето име, името на лекарот и телефонскиот број.<br><br>**Што треба да правам со оваа картичка?**<br>• Постојано чувајте ја картичката со вас - на пример во Вашиот паричник или чанта.<br>• Покажете ја оваа картичка на секој лекар, медицинска сестра или стоматолог коишто ги посетувате, не само на специјалистот којшто ви го препишал Rixathon.<br><br>Чувајте ја оваа картичка со вас 2 години после последната примена доза на Rixathon. Ова е заради тоа што несаканите дејства може да се развијат и неколку месеци по последниот третман.<br><br>**Кога не треба да примам Rixathon?**<br>Не примајте Rixathon доколку имате активна инфекција или сериозен проблем со Вашиот имунолошки систем.<br><br>Известете го Вашиот лекар или медицинска сестра доколку земате или сте земале лекови кои можат да влијаат врз вашиот имунолошки систем вклучувајќи и хемотерапија.<br><br>**Кои се знаците за добивање на инфекција?**<br>Внимавајте на следниве можни симптоми на инфекција:<br><br>• Треска или упорна кашлица<br>• Губење на телесна тежина<br>• Болка без сте се повределе<br>• Општо чувство на слабост и непријатност. | **Доколку имате некои од овие симптоми, веднаш известете го Вашиот лекар или медицинска сестра.**<br><br>**Исто така, треба да ги известите за Вашиот третман со Rixathon.**<br><br>**Што друго треба да знам?**<br>Многу ретко, Rixathon може да предизвика сериозна инфекција на мозокот, наречена "Прогресивна мултифокална леукоенцефалопатија" или PML. Ова може да биде фатално.<br><br>Симптомите на PML вклучуваат:<br><br>• Збунетост, губење на меморијата или проблеми со размислувањето<br>• Губење на рамнотежата или промена во начинот на одење или зборување<br>• Намалена сила или слабост на едната страна од телото<br>• Заматен вид или губење на видот<br><br>Доколку имате некои од овие симптоми, веднаш известете го Вашиот лекар или медицинска сестра. Исто така, треба да ги известите за Вашиот третман со Rixathon.<br><br>**Каде можам да добијам повеќе информации?**<br>За повеќе информации погледнете го Внатрешното упатство за Rixathon кое се наоѓа во пакувањето.<br><br>**Датум на почеток на третманот и податоци за контакт:**<br>Датум на последна примена инфузија:<br>____________<br>Датум на прва примена инфузија:<br>____________<br>Име на пациентот:<br>____________________<br>Име на лекарот:<br>____________________<br>Податоци за контакт со лекарот:<br>____________<br><br>Кога одите кај Вашиот лекар секогаш носете со себе список на сите лекови кои ги примате.<br>Ве молиме разговарајте со Вашиот лекар или медицинска сестра доколку имате било какви прашања во врска со информациите од оваа картичка.<br><br>АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА • СКОПЈЕ • |